Бр.16/2012

# Multi Idea

## Активности на Мултикултура

Интервју со
## Верица Пандиловска

Промоција на постдипломски студии за
## Развој на Граѓанското Општество

Спорт
## Шпанија, лулка на светскиот фудбал



CIVICA mobilitas
...towards common values!

# Mission

Promoting of natural environment protection.

# Objectives

- Environmental Protection
- Raising public awareness about natural resources
- Participation in the creation of legal regulations concerning the environment
- Cooperation with other relevant institutions
- Information dissemination

eco action

## Activities implemented by ECO ACTION

1. Workshops and meetings with youth- At these meetings students from Universities and High schools as well as other citizens are talking about nature and environment. Every meeting has different topic, and always it lasts for more than 3 hours. Different topics like pollution and improvement of awareness about nature resources are processed at the workshops with different profiles of participants.

2. Campaigns, brochures and leaflets- ECO ACTION have published a lot of brochures and leaflets for rising citizen's awareness. These publications were prepared by our volunteers, they were writing about environment and how to make big changes with small steps.

3. Educational excursions- The goal of these excursions is to emphasize the beauty of nature and how pollution can affect it. Citizens and youth know that they are the main factor of extinction of rare plants and animals

Center for INSTITUTIONAL DEVELOPMENT - CIRa
www.cira.org.mk

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

"Оваа публикација беше овозможена во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC".

# едиторијал

Да си тој/таа што посакуваш и сонуваш во текот на целиот твој долг или краток животен пат (некој до сонот се доближува на помлади години, друг пак кога е повозрасен, постојат и лоши случаи кога некој не успева да ужива ниту во сенката на тој сон) е идеално.

Да го постигнеш ова е како „mission impossible“, бидејќи секогаш излегува нешто што ќе го отежни тој и така тежок пат. Уште полошо е што ти никогаш нема да се задоволиш со толку, секогаш ќе бараш повеќе.

После сето ова следи паѓањето. Можеби за кратко се губи мотивацијата, но сепак успеваш да ја обновиш и да станеш. Стануваш уште посилен од порано, затоа што се мотивираш од визијата што ја имаш за себе, од драгите луѓе кои те опкружуваат и не ти дозволуваат на паднеш на земја. Доволно е да немаш некој силен животен удар, бидејќи по него ќе успееш да станеш, но самото станување ќе биде тешко. „ Она што нема да те убие, те прави посилен“, оваа изрека не е случајно кажана од луѓе кои страдале од многу вакви удари низ животот.

Како и да кажеме, заклучокот е ист, ти мора да продолжиш таму каде што си застанал. Како?! Со кого покрај тебе?!

Откако од почеток знаеш дека не можеш да го избегнеш континуитетот, знаеш дека треба да собереш сила, да бидеш храбар и да продолжиш онаму каде си застанал. Биди и ти мотивација за другите и не биди мрзелив за да чекаш друг да те мотивира- да се потпреш и ти како додатен товар во неговиот живот.

Денес имаш мпжност, која утре може да ја нема, да го продолжиш својот светол пат, или да го осветлиш доколку досега не бил таков. Бидејќи времето е безмилосно и не знае за разбирање!

Разбуди се убава младино, земи го животот во свои раце! Едуцирај се! Активирај го најдоброто што го имаш во себе.

Редакцијата

**Издавач:**
Мултикултура

**Главен уредник:**
Пранвера Касами

**Одговорен уредник:**
Арлинда Мазлами

**Лектура:**
Христина Василевска
Блерта Беџети

**Превод:**
Теута Бајрами
Арлинд Ќамили

**Дизајн:**
Фисник Шабани

**Адреса:**
Јане Сандански, бр.48/1
1200 Тетово
тел: +389 44 522 355
e-mail: info@multikultura.org.mk

www.multikultura.org.mk

## содржина:

Активности на Мултикултура....4
Интервју со Верица Пандиловска....7
Ден на различности....9
Ноќниот живот во Тетово....11
Истакнати македонци....12
Промоција на постдипломски студии....14
Уживајте во боите на животот....15
Што е тоа Smart Phone?....16
Прилеп – Марков град....17
Двајца браќа....18
Losing Isaiah....18
Дали му давате доволно значење на здравјето на вашето срце?....19
Шпанија, лулка на светскиот фудбал....21
Тенисот и неговата историја....22

# Активности на Мултикултура

**Мултикултура во склоп на својата годишна програма поддржана од CIVICA Mobilitas, организира различни активности кои се потребни за граѓаните, а особено за младите.**

### Потпишан Меморандум за соработка

Мултикултура не застанува тука! Таа продолжува да ја шири својата листа на соработки. На 21 Мај Мултикултура потпиша уште еден Меморандум за соработка, овој пат со невладината организација Сонце. Иако нивната соработка трае веќе 15 години, сега и двете организации ја формализираа истата. Според овој договор овие организации ќе се поддржат една со друга преку реализација на заеднички проекти.



### Здружението за Граѓанско Општество од Митровица ја посети Мултикултура

Во рамките на извршени состаноци, Мултикултура на 19-ти Јули ја реализираше средбата со преставници од организацијата за Граѓанско Општество од Митровица. И двете организации ги презентираа нивните проекти и искажаа согласност за идна соработка и имплементација на заеднички активности. Следната средба се очекува да се одржи во Косово, каде покрај друго е предвидено да се потпише и Меморандум за соработка.



### Средба со преставници од Тренинг Центарот за Меѓународна Соработка-Италија

Друга важна средба беше и средбата одржана на 3-ти август помеѓу Мултикултуа и Сонце со млади преставници од невладината организација од Италија Тренинг Центар за Меѓународна Соработка. Бидејќи во Италија живеат и имигранти од Македонија, младите од оваа организација дојдоа да ја посетат земјата и да се запознаат одблиску со културата на имигрантите што живеат во нивната земја. Групата составена од 16 млади беше поделена на две помали групи каде имаа можност да дискутираат за важни прашања поврзани за "Проекти за Роми", и "Мултикултурализмот во Македонија .

Гостите останаа задоволни од средбата и со надеж за идна соработка.



**Мултикултура дел од Саемот за Кариера**

Една многу важна активност на Мултикултура беше и учеството на Саемот за Кариера организиран од Центарот за Кариера при Универзитетот на Југоисточна Европа на 7-ми Мај. Овој саем беше една добра можност за промоција на работата на Мултикултура и нагласување на важноста за волонтерската работа пред студентите заинтересирани за тоа. Штандот од организацијата беше посетен и од самиот Ректор на Универзитетот
Проф.Др. Замир Дика кој покрај другото  изрази интерес да се запознае со нашата работа и посебен интерес за самото име на организацијата. Мултикултура ќе ја продолжи својата соработка со овој Универзитет, особено со Центарот за Кариера и ќе биде отворена за сите студенти заинтересирани за практична и волонтерска работа.



**Студиска посета во Охрид и Струга**

Во рамките на Регионалниот проект против дискриминација и милитаризам, Мултикулура организираше студиска посета во Охрид и Струга. Оваа посета финансирена од Норвешкото Министерството за Надворешни Работи беше реализирена на 14-ти Јуни и имаше за цел запознавање на волонтери од Мултикултура со млади од Струга за да разменат информации како да се надмине дискриминацијата. Волонтерите од Мултикултура ја продолжија нивната посета и во Охрид каде имаа можност да видат  некои споменици на културата.




**Национална работилница во Охрид**

Како дел од програмата на Регионалната мрежа против дискриминација и милитаризам во Западен Балкан беше организирана нациналната работилница која Мултикултура ја реализира на тема:“ Дискриминација при вработување”. Работилницата се одржа на 7-ми и 8-ми Јули во Хотел Славија, Охрид. Учесниците од 6 градови беа избрани врз основа на нивната апликација и мотивација за да бидат дел од оваа работилница. На 7-ми Јули тие беа запознаени со поимот дискриминација и нејзините форми, додека на 8-ми Јули тие учаа како да ја надминат дискриминацијата преку креирање на добро CV, Мотивационо писмо и професионални стратегии за работа.



**Регионална летна школа-Јахорина, Босна**

Регионалната младинска мрежа против дискриминација и милитаризам организираше летна школа како дел од проектот: "Регионална мрежа на младите против дискриминација во Западен Балкан". Овој проект беше имплементиран од 7 организации од Западен Балкан, кои се дел од оваа мрежа заедно со Мултикултура.
На оваа летна школа која беше одржана во Хотел Бистрица, Јахорина од 22–28 Јули присуствуваа 60 учесници на возраст од 18–26 години од Македонија, Косово, Србија и Босна и Херцеговина. Целта на овој тренинг беше младите од регионот да се здобијат со знаење и вештини за идентификување на дискриминацијата и со истата да се борат во своите заедници. Учесниците беа поделени на три групи:
– Првата група ја обработуваше темата за Дискриминацијата, Милитаризмот и Градењето Мир. Главната цел на обучувачите од оваа група беше да им овозможат на учесниците запознавање со дискриминацијата, милитантното однесување, и како да се изборат со истите, но и да научат како да развијат вештини за градење на мир.
– Темата на втората група во главно беше за Развој на потенцијалот на активистите за борба против дискриминацијата. Обучувачите и на оваа група се потрудија да го зголемат потенцијалот на младите да се борат со дискриминацијата и да организираат кампањи против истата.








– Подеднакво важна беше и темата на третата група која беше поврзана за Полова дискриминација. Целта на ова тема беше учесниците да го разберат машкиот и женскиот идентитет, функциите на двата пола во општеството, нашата реакција во однос на истите и градење на едно поактивно однесување за превенција на половата дискриминација.
– Тренингот заврши успешно како за обучувачите така и за самите учесници кои останаа со надеж дека стекнатите знаења да ги пренесат кај нивните врсници и ќе ги применуваат во своите заедници.

# Интервју со Верица Пандиловска

**Понекогаш само ми недостасува да прошетам низ градот кој што е тотално различен од времето во кое што јас растев во него. Често пати дури и се трудам да се потсетам како изгледаше улицата во која што пораснав.**

**Сите знаеме дека потекнуваш од Тетово, но моментално живееш во Скопје, дали ти недостига родниот крај и колку често го посетуваш?**

Живеам во Скопје од своја 14та година, откако се запишав во средното музичко училиште Илија Николовски Луј. Тетово од Скопје е оддалечено само четириесет километри па далечината воопшто и не претставува проблем. Со мајка ми, татко ми и сестра ми сум во секојдневен контакт но, освен тоа доаѓам еднаш до два пати неделно.

**Каде Верица ги помина средношколските денови и дали сеуште си во контакт со своите „школски" пријатели?**

Средношколските денови ги поминав во музичкото училиште Илија Николовски Луј. Скоро сите кои завршивме моја генерација и ден денес комуницираме и се дружиме. Професијата ни е таква меѓутоа и не бевме многу. Сите си го најдовме својот пат во музиката. Бевме навистина една од последните успешни и реализирани генерации. Јас конкретно како соло пеач завршив заедно со инструменталистите и балерините. Во моја класа на соло пеење бевме само неколку. Освен мене тука беше мецосопранот Ирена Кафкалевска, па Искра Трпева, Александра Минова, а од теоретичари во моја класа беа Маја Гроздановска Панчева, Дарко Мијалковски, од балерини Александра Мијалкова и уште неколку други. Како што гледате сите различни но успешни во своите професии.

**Кој го откри твојот талент за пеење?**

Мислам дека мојот талент од рани години го откри мајка ми која што е исклучително музикална и има прекрасен глас.



Дури и сега на мојот внук секој ден му пее детски песнички од некое минато време. Со една од тие песни која што се вика ТИН ТИН ТАРА беше и моето деби во ДОМОТ НА КУЛТУРА Тетово уште на една година. Подоцна баба ми ВЕРКА која што пееше во црковниот хор во Тетово тоа го надополни. Многу често ме носеше кога одеше на проби во црква со жените.

**Што најмногу ти недостига од Тетово?**

Највеќе ми недостига дружбата со татко ми, мајка ми, сестра ми и роднините кои што не ги гледам често освен на семејни свадби и крштевки. Понекогаш само ми недостасува да прошетам низ градот кој што е тотално различен од времето во кое што јас растев во него. Често пати дури и се трудам да се потсетам како изгледаше улицата во која што пораснав. Тоа е онаа на центар на градот, пред кружниот тек. Куќата во која што пораснав се наоѓаше точно во самиот центар на градот пред старата пожарна. На тоа место сега има ресторан и Рамстор. Беше прекрасна и за мене една од најубавите во градот. Со огромна дрвена порта. Улицата од двете страни имаше дрвореди со липи, нормално немаше асвалт туку стара калдрма од мали коцки. Скоро пред секоја куќа имаше фино суредени дворови. Најубав беше периодот кога липите цветаа.

**Знаеме дека си успешна бизнис жена, дали е предност тоа што си успешен музичар во водењето на бизнис?**

Не тоа е до човекот. Јас сум тип на кој што било што да почне да работи ќе му се посвети максимално се разбира во границите на возможното. Не е битно што работиш, битно е да и се посветиш на работата максимално, секако во согласност со останатите обрски во својот живот. Сепак пеењето секогаш ќе остане моја примарна работа без оглед на тоа со какви други активности ќе се занимавам во животот.

**Дали по новиот сингл Ѕвезден Пат, ќе ги израдуваш своите обожаватели со нов албум?**

Секако ЅВЕЗДЕН ПАТ ми беше пилот сингл кој ќе го најави албумот кој што го подготвувам долго време. Аудио материјалот е скоро готов, но ми остануваат уште три нумери кои што во Септември-Октомври планирам да ги доснимам па здравје боже до крајот на годината да го издадам и својот втор солистички албум максимално.

Ако се работи за музика имам навистина посебен мотив и адреналин.

Сепак за квалитетна реализација е потребно навистина повеќе време и посветеност ама јас сум по природа упорна и кога нешто сакам да остварам и реализирам се посветувам максимално. Ако се работи за музика имам навистина посебен мотив и адреналин.



**Кога може да те очекуваме со концерт во Тетово?**

Отсекогаш сум сакала да имам свој солистички концерт во Тетово. До сега не сум имала понуда од агенција која што технички би го организирала мојот концерт. Сепак тоа е невозможно човек сам се да организира. Би било супер и за мене но и за градот кога би се реализирал ваков вид да речам културна манифестација, во која што би поканила свои колеги како гости, па дури може да се даде предност и да учествуваат и останатите пеачки имиња од градот како специјални гости на мој солистички концерт.

До сега во Тетово моите гостувања скоро секогаш се сведуваат на настапи по ноќни клубови или дискотеки.

**Како тетовчанка која живее во Скопје, што би ги посоветувала младите од Тетово, дали за поуспешна кариера потребно е човек да се пресели во главниот град?**

Да бидам потполно искрена, со новата ера на технологија и експанзија на интернетот секако на глобално ниво сите што сакаат да учат можат од дома да завршат факултет и да најдат работа некаде во државава или светов. Освен тоа во моментов во Тетово има две универзитети кои што функционираат. Не гледам зошто би оделе да студираат во Скопје и правеле дополнителни трошоци. Тоа е од економска гледна точка.

Од функционална, секако дека е подобро да си во главниот град на чекор од сите случувања.

# Ден на различности

Годинава на 15ти Мај втор пат по ред се организираше Ден на Различности. Главна цел на настанот е да се намалат разликите помеѓу луѓето, покажувајќи дека сите се еднакви.

Подготовките на настанот започнаа од 08:00 часот наутро и се одеше според зацртаниот план, а како што велат старите денот по утрото се познава.

Во рамките на овој ден беа спроведени активности кои беа опфатени и во прославувањето на истиот минатата година, кој се одржа во Центарот за култура во Тетово. Присутни беа сите членови на Мултикултура, бидејќи самата идеја за прославување на овој ден произлезе од вработените и волонтерите. Смело и со вистинска гордост може да кажеме „Силата е во заедништвото“







Поканети беа Градоначалникот на Општина Тетово, Господинот Сади Беџети, кој го посети настанот, директорите на училиштата во Тетово, како и сите останати граѓани кои беа поканети, преку флаери, постери и билборди поставени низ градот.

Волонтерите беа распределени на различни места, некои стоеја на штандот со традиционални јадења, други кај пијалоците, трети пак стоеја на вратата и им посакуваа добредојде на гостите. Најважно беше што секој си го знаеше местото и улогата на настанот.

Некаде околу 11:37 часот се беше подготвено за почеток и вратата се отвори за сите заинтересирани. Почнаа да доаѓаат ученици од различни училишта, мажи, жени и деца од различна возраст. Сите беа љубопитни да дознаат нешто повеќе за овој ден. Поздравен говор одржаа градоначалникот, Господин Сади Беџети, како и Извршниот Директор на ЦИРа, Господинот Зоран Стојкоски. Настанот беше отворен со уметнички перформанс на виолина, кој ги воодушеви присутните, кои ја поздравија изведбата со аплауз и овации.

# Ден на различности

По ова следуваа традиционалните ора. Пралипе ја презентираше ромската музика, Џеладин Зеќири албанската, Јени Хајат турската и КУД Брвеница македонската.

По изведбата на ората гостите ја пробаа храната подготвена од страна на волонтерите на Мултикултура. Целиот настан траеше до 16:00 часот.

Денот заврши како што беше планирано, но и вечерта ја поминавме со одлична журка.

Таа вечер за забавата задолжена беше групата The Code.






Забавата започна во 21:00 часот. Вечерта беше за оние кои уживаат во музиката и ноќниот живот.

За овој дел од денот немаше покани, секој имаше билет со кој можеше да земе бесплатно пиење. Посетеноста беше навистина голема,сите слушнале за настанот, па затоа во 22:26 часот бројката на посетители беше огромна. Атмосферата беше на високо ниво и сите посетители уживаа во музиката и во убавата вечер.

Се што е убаво кратко трае! Како што се доближувавме кон крајот на вечерта и музиката заврши, сите присутни почнаа да извикуваат: „Уште една", „Уште една". Оваа желба секоја музичка група ја исполнува, бидете сигурни во тоа.

Желбата на публиката се исполни и било што друго да се каже би звучело банално и бесмислено.

Сето ова се случи таа вечер. Никој ништо не измисли. Останува да се видиме повторно на некој ваков настан.





# Ноќниот живот во Тетово

**Секој има различен стил на живеење, некој е задоволен од она што го има, некој сака повеќе, друг пак, го губи тоа што го има ( но сепак постои светло за надеж, за нешто ново, подобро).**

Никогаш не ми паднало на памет дека ноќта без месечината и ѕвездите ќе ми изгледа лошо.

Таа ноќ тражев поинаков живот, најверојатно ме зафатила меланхолија. Во кафулето на другите очигледно им беше поубаво, или можеби се смееја само иронично за да им удоволат на другите, а тие не го забележуваа тоа.

За животот во Тетово не можам да кажам дека е лош или добар, подобро да кажам дека е интересен или монотон, така како што се групираат луѓето овде.

Секој викенд во кафулињата се организираат музички настапи, караоке забави, каде младите може да се забавуваат и да ја поминат ноќта онака како што посакуваат, се разбира сето тоа го прават контролирано, бидејќи животот без контрола е тежок за живеење.

Не секоја ноќ е ваква, секоја ноќ е посебна и различна од претходната, од таа што следи. Постојат ноќи кои е тешко да се објаснат со зборови, а оставаат незаборавни впечатоци, природни насмевки и лица без маски.

Сепак, се е до луѓето, тие може да ја направат ноќта убава, градот е истиот, но луѓето се различни.

Дали сум задоволен или не од ноќниот живот? На ова прашање не би сакал да одговорам, не дека не можам, но не сакам.




Ноќниот живот овде го сакаат и кучињата, кои цела вечер лаат и напорки ги гледаат луѓето кои доцна се прибираат дома, како ноќта да им припаѓа само на нив, додека денот им го препуштаат на луѓето, проследувајќи го со тажен звук на кој само тие му го знаат значењето.

Луѓето се чудни феномени секоја вечер! Некои ги гази времето, други имаат надеж, трети трпение, некои секоја вечер ја поминуваат исто, како навиен часовник.

Арлинд Ќамили



# ИСТАКНАТИ МАКЕДОНЦИ

**Животот има различни планови за секој од нас... Патиштата на судбината се непредвидливи. По различен сплет на околности некои луѓе одат во далечни предели, напуштајќи ја својата татковина и трагајќи по среќа во друга земја.**

**Сепак, талентираните и упорни луѓе секаде може да бидат успешни, без оглед на државата. Оние кои останале во Македонија ги познаваме сите, но постојат луѓе кои својот успех го доживеале надвор од границите на Македонија, и заслужуваат за нив да се слушне во нивната татковина.**

Ивана Ристова – Родена е 13 Февруари во Кочани. По завршувањето на средното музичко образование во Скопје ,заминала на студии во Чикаго на универзитетот "Рузвелт" во пијано класата на проф Људмила Лазар. Моментално живее во Менхетн. Критичарите ја нарекуваат "жената со звучна снага на маж."

Досега имала разни концерти на подиумите во САД, Канада, Шпанија,Франција,Италија,Австрија,Португалија, Русија, Косово како и во нејзината родна земја Македонија. Соработувала со големи пијанисти како Марта Агери, Оксана Јаблонскаја, Александар Ашотович и др. Во Јануар оваа година настапи заедно со Стефан Миленковиќ во Македонската филхармонија.





Мајк Зафировски – Роден е во 1954 год . во Скопје.

Емигрирал во САД во 1969 год. во Кливленд, Охајо со своето семејство, со 1500 долари и без да знае да зборува англиски јазик. Две години подоцна добил стипендија за пливање во Единборо Универзитетот. Во 2004 год. го добил „Островот Елис" медал на честа. Зафировски поминал 24 години во General Electrics ,со почеток во 1975 година, кадешто поминал низ ГЕ, Џек Велч во стилот на лидерство на програми за обука и служел во разни менаџерски позиции. Исто така бил шеф на Европската поделба на ГЕ осветлување. Тој има диплома за уметности и математика на Единборо универзитетот и почесен докторат во јавни услуги од Единборо.

Турија Хауд– Холандска актерка ,модел и пејач е македонка со мароканско потекло .

Веднаш по дипломирањето на приватниот универзитет во Schoevers со диплома за комуникација, еден пријател и предложил да се пријави да учествува на изборот за модели, каде всушност таа ја започнала својата кариера како модел. Нејзиниот прв американски филм е" Пет прста".(2006)

Како една од главните ликови Турија игра свршеница на Рајан,пред тој да биде киднапиран од терористичките групи на Лоренс. По завршувањето на снимањето на филмот Пет прста, таа се пресели во Лос Анџелес во 2005 год. Во моментов таа може да се види на националните реклами за Budweiser, TAG спреј за тело и др. Таа е во брак со американскиот актер Грег Вон и има еден син.





Никола Мартиновски – Роден е 1903 год. во Крушево, а умрел 1973 год во Скопје. Завршил школа за убавите уметности во Букурешт во 1927 год. Во Париз (1927–1928) ги посетувал Academie de la Grande Chaumiere i Academie Ranson . Бил член на предвоената белградска група "Облик", директор и професор на училиштето за применета уметност, директор на уметничката галерија во Скопје ,член на МАНУ и др. Имал повеќе самостојни изложби и по војната (прва 1929) во Скопје, Белград, Загреб, Љубљана, Париз и др.места.

Имал групна изложба во многу европски земји и во земјата со слики ,цртежи и графики ,на изложбата на "Уметноста на тлото на Југославија",Париз 1971 год итн. Изработил неколку слики пред војната во Скопје и има добиено повеќе награди како на пример:

Октомврискта награда за животно дело ,1964 год и наградата АВНОЈ ,1967 год и др.

Ивана Иваноска

# Промоција на постдипломски студии за Развој на Граѓанското Општество

**„На овие постдипломски студии имат право да се запишат студенти кои имаат завршено прв циклус на било кој факултет во Македонија или во странство”**



Универзитетот на Југоисточна Европа и Центарот за Институционален Развој – ЦИРа на 11-ти Април 2012 ја презентираа новата постдипломска програма: “Развој на граѓанското општество”, прва од ваков тип во Македонија и единствена во регионот, која ќе се реализира на Факултетот за Јавна Администрација и Политички Науки при Универзитетот на ЈИЕ.

Целта на овие студии е обезбедување на формално образование за граѓанските организации и фондации, како и да се покрие празнината за вакво образование кај нивните вработени, активисти, волонтери, персоналот во меѓународни институции, донаторските агенции и владиниот сектор. Исто така надградување на нивното знаење и вештини се со цел да се зајакне граѓанското општество во истакнувањето на неговиот глас во процесот на градање на ефективна демократија во Македонија и регионот на Југоисточна Европа.

Според Зоран Богдановски, претставник на ЦИР-а, оваа програма ќе ги зајакне и надгради постигнувањата на ова поле од регионот на ЈИЕ и ќе овозможи споделување на меѓународни искуства на патот на постигнувањето позитивни општествени промени.

„На овие постдипломски студии имат право да се запишат студенти кои имаат завршено прв циклус на било кој факултет во Македонија или во странство”, додаде тој.

ЦИРа планира изнаоѓање на средства за обезбедување на стипендии и други видови на поддршка за студенти заинтересирани за оваа програма.

На прашањето: „Дали програмата предвидува соработка со други невладини организации од регионот и надвор од него, како и практична работа во невладиниот сектор, или во други државни институции? ”, Г-дин Богдановски сподели „Да, програмата предвидува соработка со други организации, како и спроведување на практична работа во Македонија, регионот и во земјите од Европската Унија”. Тој искажа дека студент, чиј интерес се човековите права, може практичната работа да ја изврши во некоја организација која се занимава со заштита и промоција на човековите права. Во врска со практичната работа, тој не заборави да сподели дека програмата ќе биде спроведена со широка понуда на можности за практична работа преку дебати, трибини, учества во конференции и културни настани, подготовка на проекти, годишни планови и програми, стратешки планови, маркетинг стратегии и др.

И за крај, идните магистри произлезени од овие студии ќе бидат поконкурентни на пазарот на труд. „Имајќи во предвид дека овие се единствени развојни студии во регионот, веруваме дека ќе бидат ценети и барани не само во граѓанските организации, туку и во јавните и владините институции, компаниите, како и кај меѓународните организации присутни во Македонија, регионот, но и пошироко”- нагласи тој. На нас не ни останува ништо, освен да им посакаме среќа на студентите кои ќе се запишат на оваа мастер програма, како и на овие две инстутуции при спроведување на истата.

Блерта Беџети

# Уживајте во боите на животот

Сигурно сте забележале како боите влијаат врз вашето расположение и будат различни чувства во вас. Ова воопшто не е случајно, имено постојат луѓе кои целиот свој живот го посветуваат на истражување на боите и се обидуваат да објаснат како истите правилно да се комбинираат.

Вашата омилена боја многу говори за вашето однесување, затоа пред да продолжите со читање замислете се која е вашата омилена боја, која боја е најзастапена во вашиот гардероберот и која боја најмногу ве расположува. Објаснувањето за најзастапените бои следи подолу.

Црвена– Црвената боја е омилена на многумина, тоа е бојата на крвта и на огнот, ја претставува страста и љубовта. Луѓето на кои омилена боја им е црвената се самоуверени и храбри, тоа се луѓе кои што знаат што сакаат од животот и не се задоволни се додека не го добијат. Овие луѓе често знаат да донесат брзоплети одлуки без многу размислување, друштвени се, но доколку некој ги испровоцира често знаат и да пламнат.

Портокалова– Портокаловата е многу топла боја, привлечна за човековите очи, токму затоа и луѓето кои ја сакаат оваа боја сакаат да бидат во центар на вниманието. Оваа боја е симбол на сила и издржливост, но и на емоционална стабилност, на сите на кои им е омилена им носи спокојство, зголемена мозочна активност и поголем успех во сите сфери на животот.

Жолта– Жолтата е бојата на сонцето, ја избираат самоуверени луѓе со високи очекувања од животот. Интересно е што оваа боја предизвикува вознемиреност кај малите деца, одбивност кај мажите, додека за жените значи верност и лојалност. Токму затоа треба да се води сметка каде се употребува. Жолтата им е омилена на сите кои ја сакаат слободата и безгрижноста.

Зелена– Зелената е боја која релаксира и одмара, ја избираат стабилни луѓе кои се стремат кон поголеми финансии и знаат како да искористат укажана прилика. Луѓето ја користат оваа боја за да потенцираат мир и стабилност. На овие луѓе може да се потпрете во секој момент бидејќи се исклучително друштвени и спремни да жртвуваат дел од своите добра за другите.

Сина– Сината е боја која симболизира длабочина и стабилност, бидејќи се поистоветува со небото и морето. Сината боја е корисна како за телото така и за умот. Луѓето кои ја избираат оваа боја како своја омилена се доверливи и лојални. Многу тешко го поднесуваат неуспехот и поради тоа потребно им е да бидат опкружени со луѓе кои ги сакаат.

Виолетова– Претставува кралска боја, бидејќи ги симболизира раскошот, луксузот и богатството. Обожавателите на оваа боја се луѓе со високи идеали и очекувања. Предодредени се на успех, но често бегаат од реалниот свет. Комбинациите кои овие луѓе ги прават зрачат со хармонија и единство.




Тиркизна– Ја избираат луѓе кои се нарцисоидни и повлечени во себе. Овие луѓе се студени и често луѓето ги избегнуваат. Горди се и не ги признаваат своите грешки.

Бела– Боја на чистотата, светлината и добрината. Белата боја речиси секогаш се поврзува со верата и хармонијата. Луѓето кои ја избираат оваа боја уживаат во ладните денови на зимата, во чистотата и педантноста, но понекогаш знаат и да претераат. Тие се слободни и секогаш во потрага по нешто ново.

Црна– Целосна спротивност на белата, најчесто означува нешто мистериозно, па дури и злобно. Луѓето кои ја избираат како дел од нивната гардероба се или елегантни или премногу бунтовни. Црната боја може да симболизира повлеченост и повик за помош. Таа е и боја на тагата, па затоа се препорачува да се искомбинира со детали во весели бои.

Х. В.

# Што е тоа Smart Phone?

Популарноста на Паметните телефони од ден на ден се повеќе расте и со тоа придонесуваат кон се поголеми можности и повисоки стандарди. Благодарение на хардверскиот развој пристапот до информациите е побрз и полесен. Паметните телефони стануваат неизбежен додаток на секој човек.

Во превод на македонски јазик Smart Phone всушност значи „паметен телефон“.Smart Phone е изграден на компјутерска платформа со компјутерски способности кои се многу понапредни од едноставното телефонско функционирање. Првиот Smart Phone бил многу поразличен од оние кои ги имаме денес. Тој поседувал и работел главно со систем наречен ПДА или Персонален Дигитален Асистент, односно функционирал како телефон, кој во исто време има и камера.

Моделите кои ги поседуваме денес служат како преносни уреди, дигитални камери со висока резолуција, GPS и како навигатор.

Исто така постојат и понапредни модели од погоре споменатите. Овие модели имаат висока резолуција, екран осетлив на допир, но и можност за поврзување со интернет. Ова е всушност совршена форма за еден телефон, кој освен функционирањето како обичен телефонски уред ги отвара веб страните на екранот. Во исто време овие телефони се способни и за бежична популарно наречена Wi-Fi конекција со интернет, со цел побрзо добивање на потребните информации. Познати оперативни ситеми за овие телефони се Андроид, кој е развиен од страна на Google и ИОС развиен од Apple.

Според статистичките податоци 18% од луѓето во светот користат Smart Phone, но овој процент секојдневно се зголемува со оглед на тоа што за извршување на поголеми број од работите за кои е потребен компјутер може да се реализираат со користење на телефон.

Шкодран Алиу



# Прилеп - Марков град



Најстарите траги од животот на луѓето на просторот на Прилеп им припаѓаат на неолитскиот, енеолитот и бронзениот период. Со реализирани голем број на археолошки истражувања биле пронајдени остатоци од населби кои датираат од железниот период и понатаму се следи развојот на прилепскиот простор низ целиот подоцнежен архајски и антички период, преку средновековието па се до турскиот период па и поновото време.

Како што споменува византискиот император Василиј II, некогаш стратешки и економски средновековен град Прилапон со право го нарекол  и Марков град кој град денеска егзистира како периферија на новиот, современ, урбанистички, културен град Прилеп. Средновековниот град бил изграден на едно возвишение кој што и ден денес доминира над пределот. Таму каде што природата не ги затворила пристапните места , човекот доградил високи ѕидови и масивни кули со кои успеал да го зачува градот. На највисоката точка бил изграден најутврдениот дел од средновековниот Прилеп, односно т.н. горен град. Под тоа орловско седело, на градските тераси и на други површини биле изградени куќи, цркви, џамии, како и други објекти кои и ден денес имаат културно-уметничка слика за некогашниот период на градот.

Името на градот Прилеп (Прилапон) било предмет на интерес на повеќе ономастичари и за неговото потекло се искажани различни мислења. Некои основата на името Прилеп го доведуваат во врска со старословенскиот глагол со значење „лепи“, имајќи го предвид тука пред се, видот на населбата во која куќите биле ѕидани на тој начин така што се добивал впечаток дека тие биле залепени една до друга па и според тоа многумина укажуваат на тоа дека од тоа прилепување на куќите се дошло до заклучок на името на градот Прилеп.

Денес Прилеп е град од 73 925 жители, покрива 1 675 квадратни километри во северниот дел на Пелагонија во јужниот дел на Македонија. Се наоѓа на само 128 километри воздушна линија од главниот град Скопје и на 32 километри од Крушево. Денес за Прилеп сеуште се знае како град под Марковите кули, град на културата, пивото и славата. Прилеп е центар на производство на тутун и цигари, метало преработувачка, електронска, мермерна, текстилна и прехрамбена индустрија.

Сунаи Сабриоски

# Двајца браќа

**Година: 2004**

**Режисер: Jean- Jacques Annaud**

**Жанр: Авантура, Семејна драма**

**Траење: 104 минути**

Овој филм нема да ве фасцинира со убавината на Анџелина Џоли или храброста на Арнолд Шварценегер, туку животинските инстинкти на едно семејство тигри. Овој филм го опишува животот на Мекрори, познат ловец и писател. Тој пишува за своите авантури , ловејќи тигри.

Во египетските џунгли постојат голем број на храмови, кои ја разгореле американската алчност да ги поседуваат сите. Во длабочината на џунглата тивко живее едно четиричлено семејство тигри се додека не пристигна ловецот Мекрори заедно со својата екипа. Тие ги забележаа тигрите и тргнаа во напад. Тигрицата успеа да спаси едно свое младенче, додека другото го остава со таткото, кој заштитувајќи го своето чедо за жал ќе биде застрелан и ќе почине.

Малото тигарче останува само и ловецот Мекрори решава да го земе под своја заштита, но набрзо тој го губи од раце. Патронот на градот му го одзема тигарчето на ловецот и го сместува во циркус, додека Мекрори завршува во затвор. Малото тигарче во циркусот го добива имети месојадниот Кагал.

Подоцна патронот на градот и ловецот се договараат Мекрори да излезе од затвор, но под услов заедно со принцот на тоа место да тргне во лов на тигрицата. Ловецот се согласува и тргнува во уште една авантура.

Групата ловци ја рануваат тигрицата во увото и таа успева да побегне, оставајќи го позади себе своето друго чедо. Тигарчето го зема синот на патронот на градот, Раул, кој му го дава името Сагал. Сагал му бил подарен на принцот како компензација за неуспехот да ја уловат тигрицата.

Принцот се посвети на тренирање на малото тигарче се додека истото не порасна во голем тигар и го подготви за големата церемонија на која тој ќе биде прогласен за крал на џунглата.

Двете мали тигарчиња веќе беа пораснати и патиштата повторно им се вкрстија. На церемонијата учествуваше месојадецот Кагал– циркуски тигар и Санга– кралски тигар. Кога се разбуди братската љубов помеѓу двата тигри, тие заедно го напуштаат местото, оставајќи им голема штета на оние кои сакаа да ги разделат.

Раул знаеше каде Санга ќе се упати, онаму од каде го зедоја како мало тигарче кај неговата мајка, која се разликуваше од останатите по лузната на увото.

Мекрори се откажа од ловењето, останаа само неговите дела напишани по неговите авантури, растењето на тигрите, но и кралските семејства на животните.

Ф. Ч.



# Losing Isaiah

**Losing Isaiah ( by : Seth J. Margolis) е книга која не учи како да се избориме против расната дискриминација, против употребата на droги, но и ни ја доближува љубовта на мајката кон нејзиното дете.**

Доколку сакате вашето слободно време да го искористите за читање на книги, тогаш ќе уживате во читањето на книгата „Losing Isaiah“

Ова е книга која не учи како да се избориме против расната дискриминација, против употребата на дроги, но и ни ја доближува љубовта на мајката кон нејзиното дете.

Дејствието се одвива околу Исаија, младо момче и Кајла Ричардс, африканка, која е зависна од дрога и која нема услови, но ни доволно верба во себе дека може да се грижи за своето дете и затоа се согласува грижата да и ја препушти на Маргарет Левинс, социјална работничка во болница.

Маргарет и Чарлс на Исаија сакаат да му овозможат топол дом и подобар статус во општеството заедно со нивната ќерка Хана.

Во меѓувреме Ричардс е уапсена заради поседување на дрога и е ставена во програма за рехабилитација. По неколку години откако Ричардс се смета за рехабилитирана и целосно оздравена поведува постапка за да го врати Исаија.

Оваа вест ги шокира Маргарет и Чарлс, кои се сметаат за родители на Исаија.

Сепак судот донесува одлука во корист на Ричардс со образложение дека за Исаија ќе биде подобро доколку остане во расната група на која и припаѓа. Времето кое Ричардс го поминува со својот син го користи за да го научи на живот со својата биолошка мајка, но сепак тоа не е толку лесно. Таа забележува дека Исаија не може да се навикне на неа и дека постојано живее во страв. Гледајќи го ова таа контактира со Маргарет и го остава Исаија да живее во куќата на Левинс со цел да утврди каде лежи проблемот.

Во книгата е убаво објаснета сцената каде Маргарет и Ричардс прегрнати го гледаат Исаија додека тој си игра.

Оваа последна сцена остава отворени неколку прашања како на пример за кое семејство ќе се одлучи Исаија, каде тој ќе израсне?

Доколку се одлучи да сотане со Ричардс, дали таа ќе биде одговорна и внимателна мајка?

Доколку се одлучи да остане со Левинс, како општеството ќе гледа на него, како единствен црн член во семејство на белци?

Линдихана Челеби

# Дали му давате доволно значење на здравјето на вашето срце? Кои се секојдневните фактори кои предизвикуваат ризик за срцев удар?

Срцето е центар на кардиоваскуларниот систем, а во исто време е и главен орган за одржување на човековиот живот. Срцевата работа се контролира преку нервни импулси. Неговата големина зависи од големината на тупаницата на раката на секој човек посебно. Срцето се наоѓа од левата страна на градниот кош, односно помеѓу двете белодробни крила. Нашето срце претставува пумпа, која постојано пумпа крв низ нашето тело и го храни со клетки, токму заради ова секоја поплака во врска со срцето треба да се сфати сериозно.

Во оваа статија се опфатени ризик-факторите што треба да ги знаете за еден од најважните органи на човекот-срцето.

Секојдневни фактори кои може да придизвикаат ризик за срцето се:

**Стомачни (абдоменални) масти**

Постоењето на масти околу стомакот претставува двојно поголем ризик од инфаркт за мажите и жените. Овие масти се хормонални активни и се главни предизвикувачи на дијабетис, хипертензија и висок холестерол.

**Алкохол**

И алкохолот претставува блокатор на тромбоцитите. Мали количини на алкохол може да го намали ризикот за инфаркт за 12% кај мажите и за 60 % кај жените. Сите видови на алкохол се корисни за здравјето, доколку се конзумираат во мали количини. Поголеми количини на алкохол, односно повеќе од еден пијалак дневно предизвикува срцеви заболувања, рак и алкохолизам.

**Лош холестерол/Добар холестерол**

Високиот холестерол го зголемува за четири пати ризикот од срцеви заболувања. Лошиот холестерол (ЛДЛ) ги сместува мастите на ѕидот на артеријата, додека добриот холестерол (ХДЛ) ги движи понатаму. Живот без движење и физичка активност како и консумирање на масна храна го зголемува нивото на ЛДЛ, а го намалува нивото на ХДЛ.

**Дијабетес**

Дијабетесот може да биде смртоносен особено кај жените, бидејќи за четири пати го зголемува ризикот за инфаркт. Ниту мажите не се во помал ризик, кај нив дијабетот двојно го зголемува ризикот од инфаркт. Исто како и пушењето така и дијабетот предизвикува згрутчување на тромбоцитите, бидејќи ги тера да се држат заедно. Овие згрутчувања ги блокираат крвните садови кои не се видливи со голо око, а кои ги хранат нервите и артериите, ова е главна причина зошто дијабетесот ја уништува циркулацијата.

**Пушењето**

Пушачите се два до три пати повеќе склони кон срцев удар за разлика од оние кои не пушат. Чадот од цигарите ги уништува ѕидовите на артериите, и со тоа го отвара патот за разни воспаленија и холестерол.Стеснувањето на артериите ги активира тромбоцитите, лепливи клетки кои ги тера да се спојат и со тоа да формираат згрутчување.

**Висок крвен притисок**

Високиот крвен притисок за три пати го зголемува ризикот за срцев удар кај мажите, додека ризикот за срцев удар е за два пати поголем кај жените со висок крвен притисок. Стеснетите крвни садови го присилуваат срцето да работи понапорно и полека да старее. Триењето на крвта од ѕидовите на артериите може да предизвика поделба на слоеви, појава која може да доведе до срцеви напади.

**Психо-социјален стрес**

Водењето на стресен живот, нарушувањето во однесувањето како и депресијата речиси тројно го зголемуваат ризикот за срцев удар. Депресивните луѓе со срцеви заболувања се речиси четири пати повеќе склони кон срцеви напади и смрт. Загрижувачки е фактот што депресијата е распространета помеѓу 20% од луѓето со срцеви заболувања.





**Консумирањето на овошје и зеленчук**

Редовното консумирање на овошје и зеленчук го намалува ризикот од срцеви заболувања за 30%–40% . Помагаат во намалувањето на лошиот холестерол, го стабилизираат шеќерот во крвта и се добра замена за нездравата храна. Јаболкото треба да се консумира секојдневно, бидејќи има одличен ефект врз здравјето на срцето како и врз целокупниот кардиоваскуларен систем. Портокалот, исто така влијае врз намалувањето на холестеролот. Кромидот и лукот се поврзуваат со намалувањето на високиот крвен притисок и го намалуваат ризикот за болести на срцето и ги спречува алергиските реакции. Кај оние кои редовно конзумираат кромид намален е ризикот за стеснување на крвните садови. Морковите се исто така корисни за здравјето на луѓето, имено според некои истражувања 5 моркови на ден кај жените и 2 моркови на ден кај мажите драстично го намалуваат ризикот од срцев удар.

**Физички вежби**

Физичката активност го намалува ризикот од срцеви заболувања за 23% кај мажите и за 50% кај жените. Како физичка активност не мора да биде трчање маратони, туку една обична прошетка во парк. Физичката активност го подобрува холестеролот, го намалува ризикот од дијабетес со регулирање на шеќерот во крвта и предизвикува обновување на крвните садови.

ЗАБЕЛЕШКА: Секоја болка во градите не мора да значи дека се работи за болести на срцето, бидејќи може да претставува обична мускулна болка во пределот на градите. За да се направи разлика помеѓу срцева и обична болка треба да се проследи правецот на движење на болката, имено доколку се работи за срцева болка таа ќе продолжи да се движи кон левата страна на градниот кош. Срцевата болка започнува од градите, а потоа се движи кон рамената и вилицата и на крајот се проширува на левата рака. Болката се чувствува длабоко во градите.

Мерве Арифи

# ШПАНИЈА, ЛУЛКА НА СВЕТСКИОТ ФУДБАЛ

„Шпанија, земја со интересна историја. Место со прекрасни плажи, бројни места за посета и примамливо за секого. Со убави градови познати низ целиот свет: Мадрид Барселона, Валенсија. Освен како градови, овие имиња се познати и на спортски план како имиња на најпопуларните фудбалски клубови. Шпанскиот фудбал... !! Да, подобро ајде да зборуваме за шпанскиот фудбал"

Кога зборуваме за Шпанија самиот разговор води кон шпанскиот фудбал. Најпрвин на ум ни доаѓаат големите фудбалски клубови како Реал Мадрид, Барселона и други, а потоа и нивната комбинацијата позната како „Црвената Фурија".

Историјата на Шпанскиот фудбал не е многу славна. Од основањето на Европското првенство во 1960 година па се до 2008 година Шпанија има освоено само една титула, онаа во 1964 година. Во другите сезони репрезентацијата на Шпанија се појавува во многу слабо издание, па дури има и сезони кога не успеала да ги помине ниту квалификациите.

Но последниве неколку години наназад ситуацијата е поинаква. Нас не не интересира минатото на Шпанија, бидејќи сега шпанскиот фудбал го достигна својот врв. Успесите на шпанскиот национален тим ги потврдуваат и успесите на клубовите од шпанската лига. Големиот број на освоени трофеи и позитивни резултати претставуваат сегашност за славниот шпански тим, познат како „Црвената Фурија".

2008 е година кога шпанскиот состав ја освои титулата европски шампион на првенството организирано во Австрија и Швајцарија. За шпанците ова беше втор триумф на едно европско првенство по пауза од 44 години. Првата титула Шпанија ја освои во 1964 на свој терен со победа во финалето над Германија со 1-0. На шампионататот ЕУРО 2008 шпанците минаа без ниту еден пораз, освен еден нерешен резултат со Италија, кој по изведувањето на пеналите го доби „Црвента Фурија" со 4-2.

По освојувањето на Европското првенство, редно беше да се избори победа и на Светското каде се натпреваруваат тимови од калибарот на Бразил, Италија, Германија, Аргентина. На Светското првенство кое се одржа во 2010 во Јужна Африка, Шпанија успеа да го повтори успехот од пред две години.Во финалето Шпанија ја победи Холандија, еден од главните фаворити за освојување на титулата. На целокупниот шампионат Шпанија имаше само еен пораз од Швајцарија во првото коло, додека сите други натпревари завршија со победа за шпанците.

Освојувањето на титулата светски шампион, Шпанија ја искачи на првото место на ФИФА рангирањето, место кое го задржува до денес.

На последното Европско првенство одржано во Украина, Шпанија ја одбрани титулата европски шампион и стана првиот тим кој успеал последователно да освои три титули.




Сепак на овој шампионат Шпанија не беше толку убедлива како претходно. Постоеја моменти за кои може да се рече дека „судиите и помогнаа на Шпанија", „среќата беше на страната на Шпанија" и сл. во натпреварот со Португалија покажаа недоволно убедлива игра, па дури и сметам дека португалците заслужија да поминат понатаму заради убавината на играта која ја покажаа. Но вистинската игра „Црвената Фурија" ја покажа во финалниот натпревар. Во мечот со Италија, тим кој беше фаворит за освојување на шампионатот, јасно се покажа дека целта на Шпанија е да се освои трофеот. Со резултат 4-0 Шпанија убедливо покажа дека заслужува да биде шампион. Дури и самата игра беше поразлична од останатите на шампионатот, тоа беше игра комбинирана од најдобрите во големите тимови како Реал Мадрид и Барселона. На овој начин Шпанија го затвори шампионатот кој ќе се прераскажува уште долги години. На крајот тимот покажа дека не случајно е најдобар во светот.

По сите споменати резултати должност ми е да ги споменам и играчите кои се заслужни за истите. Сите се најдобри на своите позиции и навистина е среќа за Шпанија што сите тие потекнуваат баш од таму. Почнувајќи од Икер Касиљас кој е најдобар голман во светот и кој на финалето на ЕУРО 2012 покажа како се чува голот, кој остана недопрен. Потоа продолжувам со Пике, Рамос, Жорди Алба, Арбелоа, Пујол, средниот ред кој многу држави го посакуваат за дел од својот национален тим: Иниеста, Чави, Чаби Алонсо, Фабрегас, Силва, Навас, напаѓачи: Торес, Виља, Негредо, Љоренте кои се одлично поврзани со играчите од средниот ред. Исто така мора да се истакне и името на тренерот Винсенте дел Боске, кој има одлично чувство за избор на вистинските играчи и за тимското формирање.

Тоа е Шпанија со темна мината, но светла сегашна фудбалска историја. Што се однесува на иднината, најдобро е да оставиме времето да каже, бидејќи секој наш збор може да води само кон предрасуди.

Фитим Шабани

# Тенисот и неговата историја

**Спорт кој се игра на тврда подлога. Играчите(екипите) се натпреваруваат удирајќи мало топче со рекети. Целта на играчите е да постигнат поени, сместувајќи го топчето во противничкото поле и оневозможувајќи го против-никот да возврати на ударот.**

Тенисот е спорт кој своите почетоци ги бележи уште од 1515 година во Франција и Англија. Овој спорт уште се нарекува бел спорт, затоа што самата игра нуди еден вид на елеганција. Тенисот низ годините се повеќе се развивал, така што денеска може да се забележи дека технологијата игра важна улога. Турнирите се поделени во неколку категории: Мастер серија од 250, Мастер серија од 500, Мастер серија од 1000 како и најважните 4 турнири: Wimbledon, Australian Open, US Open и French Open. Освен овие турнири постојат и турнири кои се играат за националниот тим како: Davis Cup, Fed Cup и Hopman Cup. Тениската игра уште од почетокот па се до денес се игра на три подлоги: тревата која е најстара подлога, тврдата подлога и земјената подлога. Минатата година дојде до отстапување од овие 3 подлоги, па на Мастер серијата во Мадрид беше поставена сина земја. Оваа подлога наиде на голем број негодувања од страна на играчите, па после завршување на турнирот беше донесена одлука дека повеќе никогаш нема да се користи ваков вид на подлога и со тоа остана запишано во историјата дека единствен победник на сина земја е Роџер Федерер. Во историјата на тенисот има многу имиња кои ќе останат запаметени засекогаш. Во машка конкуренција тоа се луѓето кои ги имаат освојувано сите 4 големи турнири и имаат запишано голем број на рекорди кои и ден денес сеуште не се соборени, такви се Бјорн Борг , Пит Сампрас, Андре Агаси и од поновата историја Рафаел Надал, Новак Ѓоковиќ и најдобриот на сите времиња Роџер Федерер. Тој со својата игра докажа дека и на 30 години може да се биде број 1 во светот, а со тоа му го одзеде приматот . на Пит Сампрас и стана тенисер со најмногу поминати недели вкупно 289 на првото место на АТП ранг листата

Во женска конкуренција место во историјата имаат Стефи Граф, Мартина Навратилова, Моника Селеш, Марија Шара-пова и сестрите Серена и Венус Вилијамс.

На ВТА листата најдобра на сите времиња е Стефи Граф со поминати 377 недели на врвот, додека моментално на прво место се наоѓа Викторија Азаренка која што во 2012 година ги има постигнато најголемите успеси во нејзината тениска кариера. Правилата се менуваат, техно-логијата е се понапредна, а рекордите се поставени за да се уриваат. Затоа во наредните години може да очекуваме нови генерации кои ќе успеат да ги урнат рекордите и да останат засекогаш запишани во историјата на овој се по атрактивен спорт.

Горица Василевска



# SERVICE CENTER

Здружението Мултикултура во рамките на својата програма и во согласност со мерките за самоодржливост преку SERVICE CENTRE ги нуди следните услуги:

- Изнајмување на лап топ, ЛЦД проектор и др.
- Флип чарт табла
- Сала за состаноци со капацитет од 25 учесници
- Логистичка поддршка за состаноци, семинари и работилници
- Превод на материјали од англиски-македонски и обратно, англиски- албански и обратно како и македонски-албански и обратно
- Обуки и изработка на стратегии



MULTIKULTURA

Превозот на опремата е на товар на корисникот на истата. Доколку сакате да ја изнајмите понудената опрема SERVICE CENTRE Ве замолува за истата да не контактирате на е маил: info@multikultura.org.mk или на телефон 044 522 355 најмалку 5 дена пред истата да ја користите.

22 Септември е меѓународен ден без автомобили кој се одржува секоја година во светот. По повод овој ден, Мултикултура организира велосипедска трка со која што ќе се подигне свеста кај граѓаните за зачувување на животната средина  и за подобро здравје се со цел тие повеќе да ги остават нивните автомобили дома.

Оставете ги вашите автомобили за поздрава животна средина .
Возете велосипеди !
Место:Булевар Илирија и Плоштад во Тетово
Време: 11:30-14:30часот
Ден: 22 Септември



# 22 СЕПТЕМВРИ
# ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ

MULTIKULTURA

Општина Тетово

eco action

IEH SEEU
Institute for Environment and Health

**Активности:**
1.Велосипедската трка - 12:00 часот
2.Забава со DJ - 11:30-14 :30 часот
3.Штандови со промотивни материјали
4. Бесплатни освежителни пијалоци